Бр. 12-522/4
12-03-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на четвртата седница одржана на ден 07 март 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-522/1 од 18.02.2019 година и кон него споениот предмет со број 12-915/1 од 01.03.2019 година.

Предметот со број 12-522/1 од 18.02.2019 година со кон него споениот предмет со број 12-915/1 од 01.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави писмено известување за постапувањето и за заклучокот донесен од страна на ДКСК.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-522/1 од 18.02.2019 година и кон него споениот предмет со број 12-915/1 од 01.03.2019 година, е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – физичко лице.

Добиената пријава содржи наводи за незадоволство од постапувањето на службени лица од државни органи и институции во Република Северна Македонија и тоа од Агенцијата за катастар на недвижности, Централниот регистар, Архивата на Управата за јавни приходи – Штип. Заради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка, кон овој предмет споен е предметот заведен во ДКСК под архивски број 12 - 915/1 од 01.03.2019 година, поради тоа што се работи за пријава поднесена од ист подносител и со претежно исти предметни наводи.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во предметниот случај се работи за необезбедени информации по Закон за слободен пристап од информации од јавен карактер и оцени дека пријавата не содржи елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија. Државната комисија за спречување на корупцијата ќе го упати подносителот на пријавата да побара постапување од надлежните институции во врска разрешувањето на предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk